# ANALYSIS OF THE LEADERSHIP STYLE OF ALEX FERGUSSON – LESSONS FOR THE YOUNG MILITARY LEADERS

**Zan Tosev**
Military Academy "General Mihailo Apostolski" - Skopje, Republic of North Macedonia
zan_tosev@hotmail.com
**Lazar Gjurov**
Military Academy "General Mihailo Apostolski" - Skopje, Republic of North Macedonia
lazar.gjurov@gmail.com

**Abstract:** Leadership in its elementary form is manifested through concrete forms of behavior of the individual leader. Leadership appears as an individual or as a personal phenomenon that bears all the hallmarks of human behavior. Human behavior should be understood as any behavior of the individual, both physical and psychological, both active and passive. At the same time, it is important for the behavior to be able to see from the outside how bodily it is, that is, to be aware of external signs, if it is mental.

When it comes to an institution, an organization with people in it, who work for it, who have set common goals, standards, it almost does not matter whether that organization is a sports, legal, political, governmental, non-governmental or military organization. It is important that it is an organization, with set goals for which it exists, with people in it, whose sole purpose is to give their share in achieving a common goal, with a certain hierarchy, with a person who is at the head of that hierarchy, manager or leader, who leads the group towards the realization of its vision in relation to the organization and its goals.

The paper will also address the process of social learning, namely learning by example, in all three forms of manifestation: learning by identification, learning by imitation, and learning by learning the roles. The purpose of this approach is to understand the process of developing leadership skills and qualities in young leaders by identifying with a proven leader in another field.

The similarity between athletes and soldiers is that they are trained in discipline, you always have someone above you and that greatly affects the achievement of results. There is a hierarchy, you are constantly under command. You just always have to arrive on time for training, to the match, that is, to respond to the obligations on time. You have rewards, but also penalties. So it is with the military. Teamwork adorns both categories. Kudos to the others, but the athletes, the military and the police are taught a discipline that does its thing. Both athletes and soldiers have an agreement that they must fulfill, and that is the logic of success. The leadership style used by Sir Alex Ferguson in his career can be equated with the leadership style and way of leading an army that a Chief of General Staff should use. In fact, the fans of Manchester United and Ferguson were an army of supporters, also known as the "Red Army".

Human behavior is conditioned by internal and external factors. The former are often cited as personal factors. Of the numerous classifications and divisions of these factors, the most important is the one that divides the factors into congenital and acquired, and the external ones into natural and social.

Sun Tzu Wu, through Clausewitz, to contemporary military theorists. The same units commanded by commanders with different professional and intellectual qualities, have different results in peacetime and in war. The commander is expected to be a teacher, a leader. To be a good leader, he needs to possess a whole complex of qualities.

The paper aims to highlight the leadership qualities of Sir Alex Ferguson. To frame them in the theoretical leadership posts. Then recognize them within an army context. To confirm that leadership qualities are universal and can be applied in many contexts.

**Keywords:** Leadership, Social Learning, Military Leadership, Alex Ferguson

# АНАЛИЗА НА ЛИДЕРСКИОТ СТИЛ НА АЛЕКС ФЕРГУСОН – ПОУКИ И ЛЕКЦИИ ЗА МЛАДИТЕ ВОЕНИ ЛИДЕРИ

**Жан Тосев**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, Република Северна Македонија
zan_tosev@hotmail.com
**Лазар Ѓуров**
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, Република Северна Македонија
lazar.gjurov@gmail.com

**Резиме:** Лидерството во својот елементарен вид се манифестира преку конкретни облици на однесување на поединецот водач. Лидерството се јавува како индивидуална или како лична појава што ги носи сите белези на човековото поведение. Под поведение на човекот треба да се подразбере секое однесување на поединецот, како физичко, така и психолошко, како активно, така и пасивно. Притоа, значајно е поведението да може однадвор да се види колку е телесно, односно, да се спознае со надворешни знаци, доколку е психичко.
Кога станува збор за институција, за организација со луѓе во неа, кои работат за неа, кои имат поставено заеднички цели, стандарди, речиси и не е важно дали таа организација е спортска, правна, политичка, владина, невладина или пак воена организација. Важно е дека тоа е организација, со поставени цели заради кои постои, со луѓе во неа, чија поединечна цел е да го дадат својот удел во остварување на заедничката цел, со определена хиерархија, со човек кој е на чело на таа хиерархија, менаџер или лидер, кој ја води групата во правец на остварување на својата визија во однос на организацијата и целите на истата.
Во трудот ќе биде обработен и процесот на социјално учење поточно учењето преку пример, во сите три облици на манифестирање: учењето со идентификација, учењето преку имитација, и учење преку учење на улогите. Целта на овој пристап е да се согледа процесот на развој на лидерски вештини и квалитети кај младите воедни лидери преку идентификација со докажан лидер во друга област.
Сличноста помеѓу спортистите и војниците е во тоа што се научени на дисциплина, секогаш имаш некој над тебе и тоа многу влијае на постигнувањето на резултатите. Постои хиерархија, постојано си под команда. Едноставно секогаш мора да стигнеш навреме на тренинг, на натпревар, односно навреме да одговориш на обврските. Имаш награди, но и казни. Така е и во војската. Тимската работа ги краси и двете категории. Секоја чест на останатите, но спортистите, војската и полицијата се научени на дисциплина која си го прави своето. И спортистите и војниците имаат договор кој мора да го исполнат, а тоа е логиката на успехот. Стилот на лидерство кој го применуваше Сер Алекс Фергусон во својата кариера може да се поистовети со стилот на лидерство и начин на раководење на една армија со кој би требало да се послужи еден Началник на Генерал Штаб. Всушност и фановите на Манчестер Јунајтед и Фергусон беа една армија подржувачи, кои се познати и под името „Црвена армија“.
Човековото однесување го условуваат внатрешни и надворешни фактори. Првите често се именуваат како лични фактори. Од бројните класификации и поделби на овие фактори најзначајна е онаа што ги дели факторите на вродени и стекнати, а надворешните на природни и општествени.
Низ целата човечка историја воените лидери се судриле со прашањето како да ги водат своите војски, од Сун Цу Ву, преку Клаузевиц, до современоите воени теоретичари. Едни исти единици командувани од команданти со различни професионални и интелектуални квалитети, имаат различни резултати во мирно и воено време. Од командирот – командантот се очекува да биде учител, водач. За да биде добар водач, тој треба да поседува цел комплекс од квалитети.
Трудот има за цел да ги истакне лидерските квалитети на Сер Алекс Фергусон. Да ги врами во теориските постолати за лидерство. Потоа да ги препознае во рамки на армиски контекст. Да потврди дека лидерските квалитети се универзални и истите можат да се аплицираат во повеќе контексти.
**Клучни зборови**: Лидерство, Социјално учење, Воено лидерство, Алекс Фергусон

## 1.ВОВЕД

Лидерството е вештина која треба да ја има секоја индивидуа која е на чело на одредена организација, посебно во тие организации каде што најголем дел од работата е работа со луѓе. Една од тие организации е војската, каде раководењето и командувањето со потчинетите е од најголема важност за спремноста и обученоста на една армија, која пак го условува степенот на способност на истата да ја брани државата.

Во голема мера професијата во воена униформа и професијата во фудбалска опрема имаат сличности меѓу себе. Дисциплината, мотивацијата, страста, љубовта кон татковината и клубот, хиерархијата, контролата, постојаното усовршување, обучување и прилагодување, одговорностите и обврските се дел од карактеристиките кои се заеднички за овие две области.

Да се биде лидер на една воена единица не може да се научи од книга или создаде преку ноќ. Лидерството е ефект кој бара постојано надградување и учење, а токму учењето преку пример, преку веќе виден модел е еден од најдобрите начини за стекнување на потребните карактеристики и квалитети кои треба да ги имаат младите воени лидери. Всушност и целта на овој труд е да доближи еден таков стил на лидерство до сите воени и бизнис лидери.

Алекс Фергусон е токму таков пример на личност од кој младите воени и бизнис лидери можат да научат и видат како треба да се води една организација во најголем дел составена од луѓе, да го запознаат неговиот стил на лидерство и можноста за примена на истиот во својата професија, бидејќи неговиот начин на водење го направи Манчестер Јунајтед најпознат фудбалски бренд во светот и меѓу највредните клубови во денешницата. И не само да научат, видат и запознаат, туку и да си помогнат да ги изнесат своите карактеристики пред себе, да ги видат своите цели и визии, да ги освестат чувствата, и најважното од се, овој труд да им помогне да го запознаат и да го разбудат лидерот во себе.

## 2. ЗА ЛИДЕРСТВО И ВОЕНО ЛИДЕРСТВО

При дефинирањето на лидерството до средината на 80-те година на минатиот век повеќе се акцентира на процесот на социјално влијание, а во последните дваесет години, на визијата на лидерот. Дополнителна комплексност за описот на феноменот лидерство во литературата внесува и неговото поистоветување при употреба на други поими, како менаџмент, контрола, власт, авторитет, раководство и управување. Од практичен аспект, еден од приодите за неговото разбирање е неговото разграничување од менаџментот. И во тоа разграничување има разлики меѓу научниците во тоа што едни не прават големи разлики, а други велат дека разликите се суштествени.

Лидерството во својот елементарен вид се јавува, односно, се манифестира, преку конкретни облици на однесување и човеко поведение на поединецот водач. Под поведение на човекот треба да се подразбере секое однесување на поединецот, како физичко, така и психолошко, како активно, така и пасивно. Притоа, значајно е поведението да може однадвор да се види, односно, да се спознае со надворешни знаци.

Низ целата човечка историја воените лидери се судриле со прашањето како да ги водат своите војски, од Сун Цу Ву, преку Клаузевиц, до современоите воени теоретичари. Едни исти единици командувани од команданти со различни професионални и интелектуални квалитети, имаат различни резултати во мирно и воено време. Од командирот – командантот се очекува да биде учител, водач. За да биде добар водач, тој треба да поседува цел комплекс од квалитети.

Промените во сфаќањата за военото лидерство на почетокот на 21 век се поврзани со разбирањето, дека армијата се променува преобраќајќи се во организација која обучува, која соодветствува на разнообразните барања поврзани со технолошкиот прогрес и кардиналните промени во светот. Таквите организации се изградени, екипирани и структуирани така, да се обучуваат многу брзо и динамично. Тие се адаптираат, опстојуваат и израснуваат преку искористување на можностите на сите членови.

## 3. УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРИМЕР

Во стручните литератури често се укажува на тоа дека подржувањето на нечије однесување и угледување во начинот на реагирање кој го покажува друга индивидуа е важен извор на социјално однесување. Користење на пример, во секојдневниот живот како пат за стекнување со одредени обици на однесување е толку чест што ние дури и не му обрнуваме внимание.

Многу сложени реакции, многу системи на однесување, бројни карактеристики на личности, различни мотиви и ставови – не се резултат на непосредно поткрепување и постепено извежбување во нивните ситуации. Често таквите особини како да се појавуваат спонтано, без непосредни вежбања и без постојано нечија свесна намера да тие особини со подучување и всадат во некој друг.

При објаснување, не само на социјалното учење, туку воопшто и на социјалното однесување на луѓето многу често се користи терминот имитација. Со него се објаснува сличноста во однесувањето на членовите на одредена група, заедница, како и воопшто сообразноста во друштво со други. Еден од системите кои како клучен поим за објаснување на социјалното однесување го користи поимот имитација е познатиот обид на Габриел де Тарде и по него имитацијата е клуч за социјална тајна. Тој кажува дека друштвтото всушност е имитација. Благодарение на инстинктот единката лесно и брзо ги прифаќа облиците на однесување кои и

овозможуваат таа успешно да се носи со препреките на кои доаѓа во природата и во контактот со другите единнки.
Некои автори зборуваат и за третиот облик учење преку пример – учење преку учење улоги. Ние од детство учиме какви се очекувањата во однос на однесувањето во врска со презимањата на различни улоги во општеството. Тоа однесување кое се очекува од личноста со одреден статус се нарекува улога. Улогата се дефинира како очекувано однесување поврзано со одредениот статус. Голем дел од воспитувањето се состои во стекнување на знаење за тоа какво однесување треба да се очекува од една личност во различни положби и во различни ситуации. Ние сите учиме различни улоги. Таквото учење на улогите вклучува стекнување на знаења за тоа како треба да се постапи, какви ставови треба да се има, како треба емоционано да се реагира кога се завзема одредена положба. Таквото учење во голема мера е учење од гледање на однесување на некој кој има положба која ние самите сме ја стекнале или пак сакаме да ја стекнеме.

## 4. СПОРЕДБА ФУДБАЛ - ВОЈСКА

Кога станува збор за организација со луѓе во неа, кои работат за неа, кои имат поставено заеднички цели, стандарди, речиси и не е важно дали таа организација е спортска, правна, политичка, владина, невладина или пак воена организација. Важно е дека тоа е организација, со поставени цели заради кои постои, со луѓе во неа, чија поединечна цел е да го дадат својот удел во остварување на заедничката цел, со определена хиерархија, со човек кој е на чело на таа хиерархија, менаџер или лидер, кој ја води групата во правец на остварување на својата визија во однос на организацијата и целите на истата.
И командирот и тренерот имаат обврска и треба да се грижат за своите потчинети. Тренерот да внимава на физичката кондиција, замор и повреди на фудбалерот, да знае кога да го штеди, кога да го чува, кога да го игра. Додека пак командирот да знае да ја направи вистинската безбедносна проценка и план за извршување на мисијата, притоа враќајќи го назад жив и здрав секој војник и средство кое го понел со себе. За време на мир, односно кога нема натпревари, тренерот ги тренира своите фудбалери за да бидат добро подготвени за следниот натпревар, а командирот си ги обучува војниците за да кога ќе дојде денот за операција да бидат подготвени од секој аспект. Тренерот цели да ги направи сите играчи одлични фудбалери, командирот да ги направи своите потчинети непобедливи војници. И двајцата треба да бидат добри познавачи на својот занает, тренерот да ја разбира фудбалската игра, командирот да ја знае борбената тактика. Членовите и во двете групи живеат во еден силен колектив, како една екипа, еден тим, како едно семејство, синџир кој неможе без ниедна негова алка, со силна поврзаност меѓу себе, со силни индивидуалци и поединци но со воиграна тимска работа, технички и тактички подготвена, физички спремна. Воедно, кога станува збор за стилот на лидерство кој го применуваше Сер Алекс Фергусон во својата кариера може да се поистовети со стилот на лидерство и начин на раководење на една армија со кој би требало да се послужи еден Началник на Генерал Штаб. Всушност и фановите на Манчестер Јунајтед и Фергусон беа една армија подржувачи, кои се познати и под името „Црвена армија“.

## 5. ТЕОРЕТСКИ КОНЦЕПТИ ЗА АНАЛИЗА

Најсоодветна анализа на личните карактеристики на лидерот согласно пристапот во овој труд, понудува Ман (1959), чиешто истражување се состои од испитувања во врска со личноста и лидерството во мали групи. Она што е карактеристично за истражувањето на Ман, е тоа што студијата е посветена конкретно на личните карактеристики на лидерот, а многу помалку на ситуационите фактори и нивното влијание врз лидерството. Ман посочил дека особините на личноста може да се користат за да се разликуваат лидерите од оние што не се лидери. Резултатите од неговото истражување ги карактеризираат лидерите како силни личности поседувајќи ги атрибутите како: **интелигенција, машкост, прилагодување, доминација, екстраверзија** и **конзервативизам** (Нортхаус, 2016, стр. 21). Се забележува дека карактеристиките кои ги посочува Ман се особини кои несомнено опишуваат мачо-маж или алфа-маж во групата, која е дел од општеството во доцните педесетти и раните шеесетти години. Сликата за лидерот која се оформува со овие карактеристики, во суштина би била интелигентна личност од машки пол, со нагласени машки атрибути и конзервативно убедување и однесување, кое со помош на својата екстраверзност релативно лесно успева да издоминира и да го наметне своето влијание. Иако лидерството не се дели по полова и родова основа, сепак главен индикатор дека во оваа студија доминира перцепцијата дека лидерите се мажи, е токму „машкоста“ како посочена карактеристика во резултатите. Во врска со ова, подоцна Лорд (1986) ги преиспитал резултатите на Ман (1959) и „открил дека **интелигенцијата, машкоста** и **доминацијата** се поврзуваат со тоа како поединците ги перцепираат лидерите“ (Нортхаус, 2016, стр.21), конкретно во овој социјален контекст од овој општествен период. Од нивните сознанија, авторите тврделе силно дека карактеристиките на личноста

може да се користат за да се направат дискриминации доследно во ситуации меѓу лидерите и лицата кои не се лидери.

Главната премиса на која се основаат истражувањата на Киркпатрик и Лок од 1991 година, е дека „недвосмислено е јасно дека лидерите не се како другите“. Резултатите од нивните истражувања посочуваат дека лидерите се разликуваат од оние што не се лидери поседувајќи ги карактеристиките како: **стремеж, мотивација, интегритет, доверба, когнитивна способност** и **стручно знаење** (Киркпатрик, Лок, 1991). Киркпатрик и Лок тврдат дека „лидерските карактеристики ги прават лидерите поразлични од другите и токму оваа разлика треба да биде препознаена како важен дел од лидерскиот процес“ (Нортхаус, 2016, стр.22). Она што може да се забележи кај резултатите од студијата на Киркпатрик и Лок е тоа што покрај личните карактеристики како доверба, интегритет, мотивираност, за прв пат се сретнува и карактеристика стручно **знаење**. Понатаму, втора работа што ги прави овие заклучоци поуникатни од другите студии е тоа што голем дел од карактеристиките кои се посочени како важни за лидерите може да бидат стекнати, да се научат или да се присвојат, односно да не е конгенитална со личноста на лидерот. Токму затоа и самите автори на овој труд посочуваат дека „поединците можат да се родат со овие црти, можат да ги научат, или и двете“ (Нортхаус, 2016, стр.22).

## 6. ЕДИНАЕСЕТ ЛИДЕРСКИ ЛЕКЦИИ ОД СЕР АЛЕКС ФЕРГУСОН

**Лекција 1: Верувањето во себе е избор. Направете тоа да е ваш избор. Вашиот противник не го знае вашето срце.** Во сезоната 1998-99, Манчестер Јунајтед постигна најголем успех кој е можен во клубскиот фудбал - тројната круна. Тоа е освојувањето на врвот на лигата во вашата земја, Европскиот Куп и Националниот Куп. Ова е постигнување кое досега го имаат постигнато само неколку врвни тимови. За време на сезоната 98-99, Манчестер дојде до пропуштање на тројната круна во неколку наврати. Всушност, тоа беа инчи и секунди на губењето на титулите, и тоа неколку пати. Што беше тоа што ги натера играчите да продолжат да одат напред кога шансите изгледаа дека ќе изгубат во повеќе од една прилика? Тоа не беше ништо друго освен чисто верување. Играчите на Манчестер од мала возраст се учат да веруваат во себе и во духот на играчите. Да се борат до последниот свиреж зошто секогаш постои шанса за победа. Толку многу пати Манчестер ќе се отпише за да се врати и да победи во игри и првенства. Се случило многу пати да бидат “удар на среќа”. Тие веруваат дека тие секогаш имаат шанса и како резултат на тоа, тие имаат постигнато неверојатен успех кога сите други ги имаат отпишано од игра. Ова е нешто што Сер Алекс го има вградено во секој од неговите играчи и тоа стана норма на Манчестер Јунајтед. Не е важно кои играчи се на теренот, тие сите се вооружени со истата верба. Овој став, на верување во себе, може да се види во многу тимови на Сер Алекс Фергусон за време на неговото 27 годишно раководење со Манчестер Јунајтед. Верувањето е основа на сите достигнувања. Мора да почнеш со тоа што ќе имаш верба во себе бидејќи ако немате тогаш ќе се откажете кога ќе се соочите со првиот предизвик.

**Лекција 2: Сакај ја својата професија. И никогаш во животот нема да мораш да работиш ни еден ден.** Сер Алекс Фергусон го има направено Манчестер Јунајтед негова животна работа. Тој доаѓал на работа по 18 часа на ден, на редовна основа. Тој бил прв во клубот во утринските часови и е последен кој си заминува навечер. Тој живел и дишел фудбал. Тој го правел тоа затоа што толку многу ја сакал играта. Тој имал страст кој се одразува во износ на времето кое тој го посветува на неговата работа. Затоа не е ни чудо што има постигнато толку многу. Ништо не му било однапред дадено, бидејќи се соочил со многу борби, но никогаш не потклекнал. Има една работа која секој играч, тренер или член на персоналот кој работел со Сер Алекс ќе ја каже за него – тој е работохолик. Тој не гледал на тоа на тој начин. Тој сакал да ги потроши часовите на тоа, тој сакал да биде најдобар и тој бил подготвен да направи се што е потребно за да биде постојано најдобар. Ако сакате да постигнете голем успех во вашиот живот, во што и да сакате да правите – бидете подготвени да потрошите часови на тоа.

Командирот на вод треба да биде најдобриот војник во својот вод. Тој треба да демонстрира војнички вештини и психофизичка спремност во секоја ситуација пред неговите потчинети. Тој треба да ги сака своите војници. Треба да биде заљубен во оружјето, да ја сака униформата. Да биде среќен во војничката опрема, колку и да се тешки. Во секој момент тој треба да биде горд и исполнет со чест затоа што е војник, бранител на својата татковина. Младиот воен лидер треба најпрвин да си ја сака професијата, да си ја сака потта што ја остава, да си ја сака макатата, за потоа неговите потчинети со исто толку страст да ја сакат работата. Воениот лидер треба да ја знае историјата на државата чиј грб го брани, на државата за чиј народ дал заклетва дека ќе го чува. Треба да ги учи и своите војници така. Да ги учи на патриотизам.

**Лекција 3: Ако изгубите контрола на педалите, ќе изгубите контрола и на велосипедот.** "Ако дојде денот кога менаџерот на Манчестер Јунајтед е контролиран од страна на играчите - ако играчите одлучуваат како тренингот би требало да биде, кои денови тие треба да имаат одмор, каква треба да биде дисциплината

и која тактика треба да се употреби - Манчестер Јунајтед не би бил Манчестер Јунајтед што го знаеме. Јас нема да дозволам некој да биде посилен отколку што бев јас. Вашата личност треба да биде поголема од нивната. Постојат ситуации кога треба да се запрашате дали одредени играчи влијаат на атмосферата во соблекувалната, на ефикасноста на тимот и на вашата контрола на играчите и на персоналот. Ако влијаат, ќе мора да ја пресечете папочната врпца. Нема апсолутно друг начин. Тоа не е важно ако и лицето е најдобриот фудбалер во светот. Некои англиски клубови сменија менаџери толку многу пати, така што контролата се креираше од играчите во соблекувалната. Тоа е многу опасно. Ако тренерот нема контрола, нема да потрае.“ изјави Фергусон.

Авторитет на лидерот е исто една од главните алки за да се има влијание врз другите. Најпрвин треба да се заслужи а потоа и да го оддржи. Офицерот со својата позиција која ја има како командир на одредена група воени лица веќе има еден вид авторитет, формален, но со своето функционирање и работење, за да стане добар лидер, офицерот треба да го заслужи и створи и својот неформален авторитет. Тоа не е моментот кога потчинетите ќе го слушат, ќе ги извршуват своите задачи затоа што мораат, затоа што некој што во хиерархијата е поставен над нив им го наредил тоа, туку тоа е моментот кога потчинетите ќе бидат убедени и уверени дека тоа треба да го направат, моментот кога тие нема да го имат стравот или презирот во себе, кога во главата нема да им стои „мора!“, туку едноставно ќе веруваат дека тоа што им е наредено е правилно да се направи. И ќе ги завршат сите задачи, со задоволство и во позитивна атмосфера. Секако за да дојде до тоа, офицерот треба да ги има сите квалитети што треба да ги има за да се наметне како лидер, да го има авторитетот и влијанието врз сите (до еден) потчинети, да се труди секогаш да го зголемува и што е можеби најтешкото нешто во целата работа – да го одржува својот авторитет на ниво секогаш да биде оној кој што на крај се слуша.

**Лекција 4: Дисциплината е мост помеѓу целите и нивното остварување.** „Кога работам со најголемите таленти, им кажувам дека работливоста е исто така талент. Но ако не можат долго време да ја држат дисциплината овде во Јунајтед, тие одат надвор.“ Фергусон ги третираше неговите ѕвезди како ново дојдени. Никој не отскокнуваше. Тој ги избрка едни од најголемите спортски ѕвезди откако тие се поставија над Сер Алекс или над тимот.

Во многу периоди од својата кариера Сер Алекс Фергусон имал конфликти со своите играчи, а имал методи за справување со дисциплината на своите најдобри играчи кои биле толку детерминистички што играчот едноставно престанувал да постои како таков, во клубот кај што раководел Фергусон. Има многу примери кога Фергусон поради недисциплина отстранува играч од наастап на натпревари или целосно од клубот

Ниеден лидер не треба да го стави во прашање успехот на организацијата на чие што чело се наоѓа тој само заради не доволно посветени работници и следбеници. Потчинетите на офицерот, можат да бидат и паметни и талентирани, психофизички спремени, стручно-специјалистички оспособени и тактички подготвени, но доколку ја немат посветеноста во работата и мисијата тогаш кога тоа е најпотребо, доколку сите тие нивни позитивни работи не ги дадат резултатите само заради недоволната концентрација, свесност и одговорност према довербата што им е доделена, зошто им е сето тоа? Воениот лидер не треба да знае само добро да ги обучи и спрема своите војници, тој е учителот кој што и треба да ги воспита своите војници. Според Воената андрагогија и педагогијата, карактерот на индивидуата се создава додека да наполни 8-9 годинки, но исто така секоја работа која се повторува секојдневно 40 пати по ред веќе преминува во навика, а потоа и се вметнува во карактерот на човекот.

**Лекција 5: За добра релација треба добра комуникација.**Како лидер критично е тоа да може да се поврзеш со твоите луѓе. Тие мора да се чувствуваат слушани, поддржани и вредни. Подеднакво, лидерот мора да знае кога да повлече линија и да биде наметлив да се пренесе пораката. Ова беше можеби насилната страна на Фергусон - дури и кога играчите го напуштаат клубот под лоши околности, сепак да кажуваат пофалби за својот поранешен менаџер.

За да бидете лидер, треба разбирање, тоа е потребно. Неговата долгогодишна секретарка Лин Лафин објаснува како Сер Алекс се осигурува дека секој ќе ја добие потребната грижа. “Ако некој чукне на неговата врата и има проблем, првата работа што тој ја прави е тоа што го завртува неговиот стол и им вели: “Седнете, ајде да разговараме”. Исто така, тој разговара со играчите кои што не се стартери на напреварот, а би можеле да очекуват да бидат.“ „Јас го правам тоа приватно. Не е лесно, но го правам само јас. Тоа е важно. Јас бев изоставен од Финале на Куп па знам какво е чувството” – вели Сер Алекс.

**Лекција 6: Довербата е основа за градење на секоја екипа.** Уште во првите работни години како менаџер во Абердин, а подоцна и како менаџер на Манчестер Јунајтед, Сер Алекс Фергусон сфатил дека мора да има доверба во своите играчи, дека мора да им се посвети целосно, ако сака да му возвратат во иста мера, ако сака да реди победи и освојува титули. Довербата е појдовната точка врз која се темелат и развиваат најголемите институции, а токму Армијата е најидеално, најфункционално и најорганизирано замислената

институција - структура во секоја држава. Доколку еден офицер, еден млад воен лидер нема доверба во своите потчинети дека една секојдневна, па и некоја покомплексна, наредба или задача нема да биде извршена од нивна страна, без разлика дали се работи за индивидуа или цела група, во мирновремени услови, како тој офицер ќе има доверба во своите војници, во луѓето што стојат зад него, кога ним ќе треба да им го довери својот личен живот, својата лична заштита, или уште полошо, како ним ќе им го довери завршувањето на една мисија од чиј што успех зависат стратешките интереси на државата и животите на луѓето во својата татковина.

**Лекција 7: Ако не сте спремни да се надоградувате со знаења и искуства – никој не може да ви помогне. Ако сте спремни – никој неможе да ве спречи кон успехот.** Ако сакате да успеете во нешто тогаш се случува тоа да одземе многу време и посветеност на учењето. Сер Алекс Фергусон го посвети поголемиот дел од својот живот на фудбалот за да знае се што има да се знае за фудбалот. Многумина го именуваат како “кум” на фудбалот. Тој бил наоколу и забележува се. Сигурно има многу малку работи кои може да му ги кажете за фудбалот а тој тоа да не го знае.

Воениот лидер треба да знае и умее да се движи со времето. Да ги учи најновите и најновите тактики, да ги запознава најновите оружја и орудија, најновите технологии, најновите возила кои го користат армиите, најновите системи за врски, современите начини за заштита, безбедносни системи, начини на воспитување, да ги следи најсовреметните начини на војувања, безбедносни предизвици, безбедносните случувања во својата земја, во реонот па и општо во целиот свет, да биде во чекор со најрелевантните тестови за психофизичка подготвеност и тренажа и со се друго со кое се соочува секојдневно во својата работа

**Лекција 8: Не преживеваат оние кои што се најсилни и најпаметни, туку оние кои што се најспособни да се прилагодат на промените.** „Кога почнав, немаше агенти, и иако игрите беа на телевизија, медиумите не ги воздигнуваа играчите на ниво на филмски ѕвезди и постојано бараа нови приказни за нив. Стадиони се подобрени, терени се во совршена состојба, сега и спортската наука има силно влијание врз тоа како ние се подготвуваме за претстојната сезона. Сопствениците од Русија, Блискиот Исток и други региони вложија многу пари во играта и да се врши притисок врз менаџери.“

Фудбалот како и повеќето индустрии постојано се менува. Да се биде заглавен во минатото и да се задржиш таму може да биде еден од најголемите падови на лидерот. Во текот на последните 27 години Фергусон го развил и повторно го изградил Манчестер Јунајтед додека сеуште одржуваше неверојатна стапка на успех добивајќи повеќе титули во лигата во три различни децении. Како и во бизнисот, ако не сте подготвени да се движите напред ќе останете позади.

**Лекција 9: Добра организација и добро издадена наредба е повеќе од половина завршена работа.** Асистентите и тренерите се тие што низ годините многу му помогнале на Сер Алекс. Тој секогаш во своите интервјуа, изјави, прес конференции го истакнувал значењето на целата екипа што е околу него за клубот и тимот кој што го води. Од неговата лична асистентка и секретарка Лин Лафин, преку личните асистенти, помошникот менаџер, докторот, скаутите во странство, луѓето што се грижат за соблекувалната, тревата, стадионот, девојките кои што ја перат опремата и дресовите, кујнскиот персонал, тренерите на голманите, луѓето задолжени за видео анализи, па се до спортскиот директор, претседателот, сопствениците на клубот и сите други луѓе вработени во клубот, од кои тој е презадоволен и вечно благодарен за помошта и посветеноста кон него, неговата чета фудбалери и сите негови наредби, барања, потреби, навики, сугестии и предлози.

Тоа всушност е и работата на офицерите во армијата, да ги организираат сите елементи кои што во хиерархијата на нивното работење им се доделени за командување или користење, а притоа да „победат и да ја освојат титулата“. Без разлика дали се работи за командир на вод, чета или командант на бригада, начинот на функционирање е ист, а и целта е иста, во мирновремени услови војската да се обучува, подготвува и припремува за мисија, а во услови на војна да ја оствари својата мисија. Посебно младите офицери, кои брзо се излезени од школските академски клупи треба брзо да се вклопат во единиците каде што ќе работат, да го разберат и применат системот на организирање и функционирање и во делот каде што им се доверени подофицери, војници, ракувачи, логистичари, дали на командување или користење, па се до претпоставените командири и команданти тие да се претставаат како вистински воени лидери кои заедно со сите нив ќе ги водат војниците до остварување на светата должност на секој војник, борбата за татковината

**Лекција 10: Никогаш не се откажувајте!** Кога доживуваш пораз со Манчестер Јунајтед сфаќаш дека мора да преземеш нешто. Клубот има милиони милиони фанови, навивачи и симпатизери низ целиот свет, публиката може да почне да негодува, незадоволството можеби ќе го преплави клубот и ќе се јават тешки сомнежи околу тоа дали Алекс Фергусон е вистинскиот човек за таа работа. По секој пораз тој размислувал што треба да се преземе и секогаш доаѓал до ист заклучок: по старо не може да се продолжи!

Во октомври 2011 година, Манчестер Јунајтед го доживеа најголемиот пораз на домашен терен, и тоа од директниот конкурент за титула во домашното првенство, најголемиот ривал, Манчестер Сити. „Денот после натпреварот, понеделник, кога отидов на работа, Алекс веќе беше пристигнат еден саат пред вообичаеното, влегов во неговата канцеларија и реагираше секојдневно, како и вообичаено, на масата и на таблата веќе ги гледав плановите за следниот натпревар. Претходниот ден во соблекувалната по натпреварот им кажа на фудбалерите колку го разочарале и беше лут и разочаран, но наредниот ден и деновите потоа ништо не ни спомна. Се однесуваше како ништо да не било, и разговаравме само за следниот натпревар" – изјава на извршниот директор на Манчестер Јунајтед, Дејвид Гил, неколку месеца после тој натпревар. После водството на Сити на табелата со 10 бодови, Фергусон го врати Јунајтед на првото место и направи предност од 8 бодови, за да на крај на првенството ја загуби титулата од Манчестер Сити во последните 3 минути на последниот натпревар, и тоа на гол разлика.

**Лекција 11: Лидерство е способноста да ја претворите вашата визија во реалност.** Требаше седум години (1986-1993) тимот на Фергусон да ја освои Премиер лигата. Може ли да замислите менаџерите во топ клубовите денеска добиваат пола време до тој износ за да се докажат себеси. Или може ли да се замисли извршен одбор да даде седум години на новиот директор да ја постигне својата цел. Добивката овде е исто како и за одборот така и за Фергусон, за имањето верба во него толку долго време. Но самиот Фергусон, беше долгорочен мислител, инвестирање во младите клубови и соодветни извиднички напори,наместо само купување на фудбалските ѕвезди на денот.

Кога еден млад офицер ќе дојде на работа, може да затекне секаква состојба во единицата која му е дадена за раководење, со секакви стандарди и навики. Успехот и нивото кое би сакал тој да го достигне неможе да дојде преку ноќ и не смее да се труди да има инстант резултати. Воениот лидер треба да знае, се што е создадено за кратко време и трае кратко време, се што е создавано полека и подолго, ќе трае вечно. Рим не е изграден за една ноќ. Но за да ги донесе своите потчинети на нивото на коешто лидерот посакува, тој треба да има јасна визија, што сака од нив, што бара, како сака да се однесуваат, како да реагираат, колку и како да бидат послушни, како да ги дисциплинира, а после визијата и да создаде план за долг рок. План во кој чекор по чекор тој ќе ја донесе својата единица на посакуваното скалило со посакуваните карактеристики, во склад со своите замисли, стандарди и очекувања.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Секоја организација е потребно да има свој водач (лидер, шеф, раководител), некој кој ќе донесува важни одлуки и води тим од луѓе кон успех. Сер Алекс Фергусон е ова и уште многу повеќе за Манчестер Јунајтед. Тој ги предводеше играчите, персоналот, фановите и клубот скоро 27 години. И не само дека ги предводеше, туку ги предводеше кон безброј радости, победи, успеси и титули, правејќи го клубот најпознат светски клубски бренд во светот со најголема вредност во светот на фудбалот. Постојат и други фудбалски менаџери кои што се успешни со своите фудбалски клубови, кои што имат голем број успеси и освоени титули, но никој не е како Алекс Фергусон, затоа што разликата помеѓу него и другите менаџери е тоа што тој е нешто повеќе од менаџер, тој е лидер. Да водиш група мулти милионери, да го извадиш квалитетот, максимумот од нив како фудбалери, да ги мотивираш да играат за клубот, повредени, изморени, на дожд, на снег, на пеколно жешко време можеби е еднакво тешко како и да водиш група војници, во мирно и воено време, чија пак обврска е да ја чуват и бранат татковината.

Во голема мера не е во нечии раце колку добар и каков лидер ќе биде човек. Во голема мера тоа е судбина, карактер. Колку голем лидер ќе биде човек и колку ќе биде успешен со неговото водење на одредена група на луѓе кон нејзините цели, зависи само од лидерот, од неговите целокупни квалитети и карактеристики, и нема никакво оправдување. Нема оправдување дека денес светот е тешко место за живеење, дека фудбалерите се премногу меки и разгалени, дека војниците се непослушни и мрзливи. Не! Ние сме нашата судбина. Формулата е многу јасна, колку работа и квалитет – толку успех, или колку пари – толку музика. Да, лидерството е нешто што човек може да го научи, да го надогради, да го усоврши, да го искуси, но во најголем дел лидерството е вештина, „жичка", со која човек се раѓа, развива и живее.

Способноста да мотивира, создава и одржува дисциплина на високо ниво, знаењето и квалитетите за да се изгради авторитет, љубовта и страста кон својата работа, способноста за комуникација и градење на релација, моралните човечки вредности, способноста за постојано учење, надградување и прилагодување на различни времиња и ситуации, визијата за патот кој што треба да се оди, развивањето на тимскиот дух, високо поставените стандарди и цели, способноста и храброста за носење одлуки како и преземањето на одговорноста кон себе, кон другите и тоа што се работи, како за успесите така и за неуспесите, искрениот и реален карактер, одмерениот стил на лидерство се карактеристиките кои ги поседува и цело време демонстрира Алекс Фергусон во своето раководење со Манчестер Јунајтед. Тоа се и карактеристиките кои

треба да ги има и еден млад воен лидер и заедно со сонот еден ден да биде Генерал да го водат кон точните погодоци со високи дострели. Всушност и Сер Алекс Фергусон е Генерал во својата професија. Човек од кој младите воени лидери можат да научат како да станат Генерали.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Фергусон, А. (2014). Мојата автобиографија, Скопје, Арс Либрис;
Додевски, З. (2001). Лидерство во армијата, Скопје, 2-ри Август С;
Elberse, A., & Dye, T. (2012). Sir Alex Ferguson: Managin Manchester United, Harvard Business School;
Kirkpatick, S.A., & Locke, E.A. (1991). Leadership, Academy of Management Perspectives.
Kersh, H. (2013). 6 Leadership skills we can learn from Sir Alex Ferguson;
Mann, Richard D. (1959). "A Review of the Relationships between Personality and Performance in Small Groups." *Psychological Bulletin*, vol. 56, no. 4,
Martin, R.H. (2010). Lessons from leaders – Sir Alex Ferguson, blog.
Northouse, P. (2013). .*Leadership: Theory and Practice*. 6th ed., Sage Publications,
Pot, N. (1980). Osnovi socijalne psihologije – Socijalizacija, Beograd, Zavod za udzbenike I nas. sredstva;